ADING

# РЕПАРАТУР ГЛЕТ

*Смеса за израмнување на репарирани бетонски површини произведени на цементно полимерна основа. Одговара: EN 1504-3*

## Област на примена:

За фино израмнување (глетување) на репарирани бетонски површини обработени со РЕПАРАТУР МАЛТЕР-Ф или РЕПАРАТУР МАЛТЕР.

## Својства:

- сива прашкаста смеса;
- добра адхезија и цврстина;
- отпорна на мраз и други атмосферски влијанија;
- еластичен;
- едноставен за приготвување и изведба;
- економичен;
- еколошки;

## Подготовка на подлогата:

Подлогата треба да биде здрава, обезмастена, обезпрашена, чиста и претходно испрана со вода.

## Вградување:

На 1 кг Репаратур глет со постојано мешање се додава 350 - 400 милилитри вода. Се меша до потполна хомогенизација. Потоа мешавината се остава да мирува до 20 мин. Повторно се замешува и се вградува со глетарка или шпахтла во повеќе слоеви, во зависност од видот на завршната обработка.
Оптималната температура при вградување е 10°C до 35°C. Нанесената смеса треба да се штити од дожд, силен провев и мраз во период од 24 часа од нанесувањето.

## Потрошувачка:

| | |
|---|---|
| За слој од 1,0 мм. | 1,5 кг/м$^2$ |

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по неговата употреба.

## Пакување:

| | |
|---|---|
| Во натрон вреќи | од 5 и 30 кг. |

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од +5°C до +35°C. Рок на употреба: 12 месеци.

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен , но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар: Репаратур глет е незапалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Репаратур глет се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат 6б, 1000 Скопје, Р.Македонија, ading@t-home.mk,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840, 2034 822, Факс: ++ 389 / 02 2034 821

www.ading.com.mk